# Дизајниран наставен план за учење базирано на проекти (PBL)

**Наставник** Анкица Илиеска

**Училиште** СОУ Орде Чопела

**Место** Прилеп

| | |
|---|---|
| **1. Тема и водечко прашање на проектот** | **Тема:**<br>,,ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО”<br>**Водечко прашање на проектот:**<br>,,Како на органски начин да се постигне заштитата од гроздов молец“ |
| **2. Наставен предмет (предмети од меѓупредметна настава) / содржини програмирани од училиштето / воннаставни активности** | Органско производство<br>Заштита на растенијата<br>Градинарство<br>Лозарство<br>Овоштарство<br>Заштита на животна средина<br>Педологија и агрохемија<br>Агрометеорологија со климатологија<br>УПР |
| **3. Резултати од учењето (РУ):**<br>- **Знаења**<br>- **Вештини**<br>- **Ставови** | **Знаење**<br>● Дефинира поим за органско производство;<br>● Разликува органско и конвенционално производство;<br>● Препознава и опишува примена на органска заштита со биопестициди;<br>● Објаснува што претставува гроздов молец (Lobesia botrana);<br>● Набројува услови кои го поттикнуваат појавувањето на молецот (топло и суво време, густ насад, недоволно проветрување);<br>● Именува фази од животниот циклус на молецот (јајце, ларва, кукла, пеперутка);<br>● Опишува генерации на гроздов молец;<br>● Разликува штети од ларвата на гроздовиот молец (цвет,зелено грозје и зрело грозје);<br>● Толкува критичен праг за појава на гроздов молец;<br>● Опишува како изгледа феромонска стапица при органско производство и кои делови ги има;<br>● објаснува цели на феромонската еко-стапица; |

| | |
|---|---|
| | ● Опишува принцип на работа на феромонската еко-стапица и органскиот биоинсектицид (Bacillus thuringiensis и други);<br>● Опишува што се феромони;<br>● Објаснува како функционира; феромонот во контрола на штетници;<br>● Анализира кои се предностите на феромонската заштита во однос на хемиската заштита со штетни пестициди (еколошки и здравствени придобивки);<br>● Прави разлика меѓу лоша и добра земјоделска практика;<br><br>**Вештини**<br>● Изработува  еко стапица од рециклирани материјали(празни пластични шишиња);<br>● Применува мониторинг на популацијата со користење на леплива трака што е клучно за навремена анализа и донесување одлуки;<br>● Правилно поставува феромонски диспанзер и примена на биоинсектицид;<br>● Поставува и користи феромонска стапица на правилен начин за следење на популацијата;<br>● Врши следење и анализа на собраните примероци од стапицата;<br>● Применува безбедни и еколошки практики при работа во лозје;<br>● Го документира процесот (мери набљудува, фотографира, донесува заклучоци);<br>● Изработува презентација и постер за феромонска еко-стапица и флаери;<br>● Користи дигитални алатки Canva, Gemini, Chat GPT, Kahoot, Google drive,Google sheets, Mentimeter.<br><br>**Ставови**<br><br>● Покажува позитивен став кон еколошки и одржливи методи  на заштита;<br>● Подигање на свеста  за |

| | |
|---|---|
| | намалување на хемиските третирања во земјоделството;<br>● Покажува интерест за заштита на лозјето преку употреба на биопестицидите;<br>● Одговорност кон зачувување на животната средина и одржувањето на рамнотежа во биодиверзитетот;<br>● Прифаќа иновативни техники и користи иновативни еколошки методи за контрола на штетниците;<br>● Развива трајна одговорност и позитивни навики за еколошка и етичка заштита на лозјето;<br>● Ја вреднува важноста на органското земјоделие за здравјето и одржливоста;<br>● Развива позитивен став кон користење на природни ресурси на одржлив начин;<br>● Покажува иницијатива за практична примена на наученото во училиштето и на терен при истражување. |
| **4. Клучни компетенции** | Клучни компетенции<br><br> Идентификување можности за примена на органско земјоделие како дел од мал бизнис или локална заедница;<br><br> Развивање идеи за примена на еко стапица со користење на различен феромон зависно од тоа на кој вид штетник и на која култура ке се применува во органска производство;<br><br> Планирање и спроведување на мали проекти (училишни работилници за примена и користење на биопестициди, презентација и промоција за еко стапицата);<br><br> Тимска работа при практични активности (изработка и поставување на паметна еко на стапици, презентации);<br><br> Развивање на одговорност кон заедницата и животната средина;<br><br> Поттикнување граѓанска свест за заштита на здрава животна средина;<br><br> Јасно и ефективно изразување на |

| | |
|---|---|
| | мислења, идеи и сознанија поврзани со темата;<br><br> Изработка на постери, текстови, презентации, извештаи или проекти поврзани  за еко стапица;<br><br> Користење на дигитални алатки за истражување, презентација и анализа на податоци (графикони, фотографии);<br><br> Планирање, спроведување и евалуација на сопственото учење;<br><br> Самостојно истражување на теми (креативност и иновативност ) поврзани со органското производство во лозарството. |
| **5. Целна група** | Ученици од втора и трета година од Секторот земјоделство рибарство и ветеринарство |
| **6. Број на часови и време/период на реализација** | 32 часа во траење од 8 недели |
| **7. Очекувани резултати (мерливи и видливи, кои произлегуваат од дефинираните активности на проектот)** | Изработен постер,  презентација, феромонска еко стапица;<br>Изготвен извештај  за спроведените активности;<br>Зголемено знаење и разбирање кај учениците за органско земјоделие и одржливост;<br>Унапредена тимска соработка и комуникација меѓу учениците;<br>Развиена свест и ставови за одговорно користење на природните ресурси;<br>Организирана завршна презентација за ученици и наставници. |
| **8. Сценарио – Процес на истражување и создавање, изразени преку активностите на учениците** | -Истражување за гроздовиот молец и условите за негова појава;<br>- Набљудување на  штетите на терен;<br>- Дизајнирање и изработка на феромонска стапица од рециклиран материјал;<br>- Правилно поставување на стапицата и примена на органски практики во лозјето;<br>- Следење на популацијата (мониторинг). - Документирање на целиот процес (мерења, |

| | |
|---|---|
| | фотографии);<br>- Изработка на презентација, постер и феромонска еко-стапица;<br>- Пренесување на знаењето и промовирање на одговорни, еколошки практики во заедницата. |
| **9. Потребни ресурси (вклучувајќи проценка на трошоците, доколку е неопходно да се обезбедат финансиски средства)** | • Комјутер интернет<br>• Насади со лозје;<br>• Органски биопестициди;<br>• Феромонски мамци;<br>• Рециклирацки материјал пластични шишиња, пластична кутија, пластична хранилка;<br>• Ножички и конец;<br>• Леплива трака. |
| **10. Методи на оценување:**<br>- **Формативно**<br>- **Сумативно** | - **Формативно**<br>Да се следи напредокот на ученикот за:<br>-Да се идентификуваат потешкотиите и навремено да се поттикне активно учество и критичко размислување со цел навреме да се охрабри ученикот за понатамошна работа;<br>- Набљудување на практичната работа (од страна на наставникот);<br>- Контролни листи за следење на вклученоста на учениците;<br>- Мали дискусии или проверка на разбирање;<br>- Повратна информација (feedback) од наставникот и соученици;<br>- Групна анализа на завршени фази од проектот.<br><br>- **Сумативно**<br><br>1. Писмен извештај за спроведените активности и добиени сознанија<br>2.Презентација, постер и феромонска еко-стапица – со јасни критериуми за квалитет (содржина, визуелност, јасност) |

| | |
|---|---|
| | 3.Оценување на групната работа – според улогите и придонесот<br>4.Практична демонстрација – (поставување на феромонска еко-стапица)<br>5.Самооценка и евалуација на ученикот за сопствено учество и учење<br><br>**Критериуми за сумативна оценка:**<br>-Разбирање на концептите (органско производство)<br>-Применливост на знаењето во пракса<br>-Квалитет на производот (презентација, постер, еко стапица, извештај)<br>-Тимска соработка и комуникација<br>-Рефлексија и критичко мислење |
| **11. Инклузивност (мерки за поддршка):** | Поделба на задачите според можностите од учениците<br>1.Ученици со познавање и користење дигитални алатки, апликации<br>2.Ученици со истражувачки можности<br>3.Физички подготвени ученици за истражување |
| **12. Рамка со јасни критериуми за оценување на активностите** | Во прилог табела |
| **13. Евалуација по имплементацијата на проектот во споредба со дадениот опис на системот за оценување (со докази, формулар за самоевалуација, анализа на евалуациските листови за учениците)** | Формулар за самоевалуација на учениците<br>Евалуациски листови за учениците<br>Документирани докази од проектот<br>Фотографии од практични активности (поставување на феромонска стапица, користење на биопестициди, следење или мониторинг на критицен праг на гроздовиот молец)<br>Презентација, постер,феромонска еко-стапица  изработени од учениците |

| | |
|---|---|
| | ЗАКЛУЧОК:<br><br>Проектот е успешно реализиран според поставените цели. Учениците покажаа високо ниво на ангажираност и интерес. Системот за оценување (рубриката и индикаторите) овозможи објективна проценка, се вклучува и дигитална евалуација. |

Во Прилеп

Наставник

Датум 15.10.2025 година

Анкица Илиеска

| Критериуми | индикатори | Odlично 4 | Добро 3 | Доволно 2-1 |
|---|---|---|---|---|
| ЗНАЕЊА | Ученикот точно ги дефинира поимите: органско земјоделие, одржливост, феромон и феромонска стапица, заштита со биопестициди.<br><br>Ја разликува позитивна земјоделска практика од конвенционалната практика.<br><br>Објаснува најмалку 3 придобивки од сузбивањето на штетниците (еколошки, здравствени, економски).<br><br>Ја поврзува темата со заштита на почва, вода, биодиверзитет и органско производство. | Целосно и добро позанавање | Доволно познавање | Недоволно познавање |
| ВЕШТИНИ | Самостојно ги препознава штетите од гроздов молец во лозарството.<br><br>Изработува и применува феромонска еко стапица.<br><br>Применува соодветна мониторинг техника .<br><br>Покажува правилна примена на биопестицидите и почитување на агроеколошки принципи. | Самостојна и практична примена | Примена со мала помош | Нема практична примена |
| СТАВОВИ И ОДГОВОРНОСТ | Ја почитува природата и се однесува одговорно со ресурсите (не фрла, не | Мотивиран позитивен и | Понекогаш пасивен | Слабо мотивиран |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | уништува).<br>Се вклучува во активности без принуда.<br>Покажува интерес да научи повеќе или да сподели знаење со други.<br>Се придржува до договорените обврски во тимот или задачата. | соработлив | | |
| ТИМСКА СОРАБОТКА | Ја презема својата улога во тимот и ја извршува навремено.<br>Активно учествува во дискусии и групни одлуки.<br>Поттикнува други членови да се вклучат.<br>Помага при решавање на проблеми во групата. | Активно комуницира и соработува | Понекогаш соработува | Слабо соработува |
| КВАЛИТЕТ НА ПРОДУКТ | Презентацијата има јасна структура (вовед, развој, заклучок).<br>Содржи точни информации и е визуелно уредена.<br>Извештајот е напишан граматички точно, со логичен тек.<br>Практичниот продукт (феромонска еко стапица ) е функционален и одржлив | Креативен и високо квалитетен продукт | Добар квалитет со мали недостатоци | Основен квалитет со ниско ниво |
| ПРЕЗЕНТАЦИЈА | Говори јасно, самоуверено и со разбирање на темата.<br>Користи визуелни средства (постер, слики, PowerPoint дигитални алатки Canva, Gemini, Chat GPT, Kahoot, Google drive).<br>Одговара на поставени прашања.<br>Почитува времетраење и ја задржува вниманието на публиката. | Јасна уверлива и добро организирана презентирана | Добра презентација со добар тек | Недоволно организирана презентација |